# ЗАПИСНИК

од 16-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС;
Вланадово, 4 април, 2023 г.

**Присутни:**
Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Александар Ненчев, (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**Дискусија**:

На оваа седница Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои и расправаше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за свикување на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Разгледување на предлог формулата за распределба на блок дотациите во образованието;
3. Разгледување на содржината на предлог Меморандумот за соработка со Владата на РСМ;
4. Усвојување на предлог Финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2022 година;
5. Информација за отворен конкурс за градови и општини објавен од Партнерство за конкурентен регион – CORE со поддршка на Германската развојна соработка што ја спроведува ГИЗ за учество во регионална Програма за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа
6. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на четвртата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Присутните отворија дискусија во однос на свикување на 4-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС, како и прашањата поврзани со предлог – точките на дневниот ред и останатите прашања поврзани со истата седница.

ОДЛУКА: Управниот одбор донесе Одлука за свикување на 4-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС кое ќе се одржи на ден 12 мај, 2023 г. во Охрид. Генералното собрание на оваа седница ќе расправа по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС
2. Обраќање на Претседателот и ЗЕЛС

3. Усвојување на завршната сметка и усвојување на наративниот извештај за спроведените активности на ЗЕЛС во 2022 г.
на ЗЕЛС за 2022 г.
4. Разно

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на предлог формулата за распределба на блок дотациите во образованието;

На последната 15-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС беше отворена дискусија во однос на новата методологија изразена преку формулата за распределба на блок дотацијата за образование по општини. Присутните беа известени дека ЗЕЛС презеде активност, заради големиот интерес од страна на општините, за организирање на советување на кое присуствуваа по неколку претставници од страна на општинската администрација на секоја општина на кои им беше претставен концептот. Општините истакнаа свои предлози за подобрување на формулата кои ќе бидат разгледани од страна на Комисијата за финансирање на единиците на локалната самоуправа, која има рок до 1 јуни да даде согласност на новата методологија. Ова прашање беше детално елаборирано на претходната седница.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги прифаќа забелешките на општините кои се утврдени во рамките на спроведените советувања и ги задолжува претставниците на ЗЕЛС во Комисијата за финансирање на единиците на локалната самоуправа да се обидат истите во што поголем обем да бидат имплементирани во методологијата за распределба на блок дотациите за образование.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Разгледување на содржината на предлог Меморандумот за соработка со Владата на РСМ;

Присутните беа известени дека процесот на усогласување на содржината на меморандумот се одвива подолг период, преку взаемна консултација кога од страна на претставниците на Владата до ЗЕЛС е упатено барање содржината да биде општа, дека за поединечните прашања ќе може да се разговара низ процесот на взаемна консултација, а дека Владата се обврзува најмалку еднаш годишно да оствари средба со ЗЕЛС кога ќе се разгледаат сите отворени прашања.

Оваа верзија на документот која е примена од ЗЕЛС и која е доставена до членовите на Управниот одбор е прифатлива за да може овој документ да ја оствари својата цел и функција.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор смета дека текстот на Меморандумот за соработка со Владата е прифатлив заради што упатува покана до Претседателот на Владата на следната седница на Управниот одбор или на Генералното собрание на ЗЕЛС да присуствува на церемонијалното потпишување на овој документ.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Усвојување на предлог – финансиски извештај на ЗЕЛС за 2022 г. и предлог – наративен извештај на ЗЕЛС за 2022 година;

Материјалите во однос на оваа точка се навремено доставени до членовите на Управниот одбор. Овие два документи Управниот одбор ги доставува во понатамошна постапка на конечно усвојување од страна на Генералното Собрание на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за усвојување на Финансискиот извештај – завршната сметка на ЗЕЛС за 2022 г. и наративниот извештај за работата на ЗЕЛС за 2022 г. и истите ги доставува до Генералното Собрание на ЗЕЛС на конечно усвојување.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Информација за отворен конкурс за градови и општини објавен од Партнерство за конкурентен регион – CORE со поддршка на Германската развојна соработка

што ја спроведува ГИЗ за учество во регионална Програма за сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа

Во рамките на БФЦ ЈИЕ, програма која долгогодишно се спроведува од страна на ЗЕЛС како начин за стекнување со сертификат за поволно деловно опкружување на општините во регионот на Југоисточна Европа, присутните беа запознати со содржината на програмата и објавениот конкурс на кој може да се пријават сите заинтересирани општини. Деталите за програмата и конкурсот се составен дел од материјалите за седницата.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја усвои информацијата за програмата и содржината на објавениот конкурс на кој може да се пријават заинтересирани општини во Републиката за стекнување со сертификат за деловно опкружување во Југоисточна Европа БФЦ ЈИЕ.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Информација за состанок на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта**

   Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта одржа своја седница непосредно пред одржувањето на седницата на Управниот одбор на која го разгледа текстот на Предлог – Законот за превоз во патниот сообраќај кој во моментот е во фаза на прибирање на забелешки од сите засегнати страни а објавен е и на ЕНЕР. Мрежата му предлага на Управниот одбор да ги усвои предлозите за подобрување на текстот на Законот,  а побара и средба со Министерот за транспорт и врски за да може директно да се разговара за подобрување на условите за работа и ефикасност во постапките кои се водат согласно овој Закон.

   Присутните отворија и дискусија во однос на превозот на ученици, условите во под кои истиот се врши и средствата кои е издвојуваат за таа намена. Дел од општините имаат организиран сопствен превоз на ученици, имаат набавено возила и оваа дејност ја вршат врз основа на лиценци и обезбедени дозволи за линиски превоз. Беа изнесени различни искуства, особено во случаите кога општината би набавила определен број на возила, па со нивната амортизација би се одлевале огромни средства за нивно тековно одржување.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги усвои предлозите за подобрување на текстот на Предлог – Законот за превоз во патниот сообраќај и ја задолжи стручната служба на ЗЕЛС содржината на документот да ја достави на мислење до сите општини, а нивните коментари да бидат вметнати кон забелешките на мрежата и како такви да се доставаат до Министерството за транспорт и врски како овластен предлагач.

2. **Информација за средбата во Стопанската комора, со групацијата Градежништво**

   Претседателот на ЗЕЛС информираше за остварената средба со групацијата за градежништво при Стопанската комора на Македонија на која од страна на членовите на комората бил изнесено големо незадоволство кон општините заради повеќе причини а особено:

   1. Долги постапки на донесување на урбанистичко планска документација и урбанистички планови
   2. Висока цена на комуналии која компаниите ја плаќаат на општината, а општината не ја гради потребната инфраструктура која сама ја предвидела во планот и на која се обврзала со договор во постапка на издавање на одобрение за градење.
   3. Огромни проблеми при пренамена на земјиштето од земјоделско земјите или пасишта во градежно земјиште и покрај донесен урбанистички план.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја усвои информацијата за отворените прашања на средбата со Стопанската комора на Македонија со заложба за излегување во пресрет на овие барања на Комората и понатамошна соработка заради изнаоѓање на решенија.

3. **Информација од средбата на Комитетот на совети,**

   Претседателот на Комитетот на совети при ЗЕЛС, кој исто така согласно Статут е член на Управниот одбор на ЗЕЛС ги информираше присутните за отворените прашања на последната седница на овој орган и побара поддршка за следното:

   1. Дел од претседателите на советите, членови на овој орган на ЗЕЛС не се редовни на состаноците ниту воопшто се појавиле на некоја од седниците, заради што Комитетот на совети бара од Генералното Собрание да донесе одлука со која ќе избере нови членови на овој орган, а со тоа на неактивните членови ќе им престане мандатот.
   2. Комитетот на совети смета дека функцијата Претседател на совет мора да биде професионална, заради што бара од Управниот одбор да достави иницијатива до одреден предлагач во насока на измена на прописите со кои на ваков начин ќе се уреди ова прашања.
   3. Советот на единицата на локалната самоуправа мора да има своја администрација, а според сегашната уреденост на општинската администрација таа целосно одговара и за својата работа поднесува извештај пред градоначалникот, што создава неефикасност во работата на советот, особено кога одредени односи со градоначалникот се предмет на политички преговори.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор ги усвои предлозите доставени од страна на Комитетот на советите со заложба за работа врз вака поставените цели кои треба да бидат предмет на поширока дебата пред нивно доставување како предлог – иницијатива за измена на прописите.

4. **Разгледување на дописот на Здружение на бубрежно болни лица**.

   Здружението на бубрежно болни лица достави барање до ЗЕЛС кое се однесува на прашањето за ослободување од плаќање на паркинг при користење на организиран паркинг во општините каде истиот е воспоставен а во функција на нивна помош при честата посета на здравствените установи заради примање на терапија и третман.

   ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор дава подршка на барањето на Здружението на бубрежно болни лица за бесплатно користење на паркинг просторот, но во рамките на можностите на секоја општина поединечно, која самостојно ќе изврши проценка во

колкава мера и до кој обем ќе може да преземе мерки за да се излезе во пресрет на ова барање.

5. **Информација во врска со средбата со фирмата од Словенија.**

Присутните беа информирани дека на барање на словенечка компанија, остварена е средба во ЗЕЛС, а од страна на компанијата е понудена форма на јавно приватно партнерство во одржување на улично осветлување.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги повикува заинтересираните општини да ги разгледаат условите кои ги нуди оваа но и голем број на други компании кои нудат форми на јавно приватно партнерство заради одржување на улично осветлување и по сопствено наоѓање да одлучат за својот интерес за соработка.

6. **Предлог измена на Законот за пожарникарството и преземање на Противпожарните единици од страна на државата**

Присутните беа запознати дека е во тек утврдување на текст на изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, дека со истиот се уредуваат многу прашања, а исто така се утврдуваат и прашањата за платите и надоместоците на пожарникарите.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор формира ад-хок работна група која ќе работи на утврдување на единствен став на ЗЕЛС во однос на отворените прашања поврзани со областа на пожарникарството со мандат членовите на оваа работна група да остварат директна средба со министерот за одбрана како ресорно министерство.

За членови во работната група се избираат: градоначалниците на Радовиш, Крива Паланка, Велес, Куманово и Македонски Брод.

7. **Барање поддршка за развој на проектот „Шах во школи“ од Шаховска федерација на Северна Македонија**

Шаховската федерација се обрати до ЗЕЛС со барање поддршка од страна на општините на чие функционираат шаховски клубови, со конкретно барање за определен број на дигитални шаховски табли, подвижни табли, табли на отворено, друг инвентар (за се прецизно наведено во барањето упатено до ЗЕЛС), за на тој начин да се помогне во развојот на овој спорт.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор дава поддршка на работата на Шаховската федерација и ги повикува општините секоја во рамите на своите можности да излезе во пресрет на барања на Федерацијата на подрачјето на својата општина.

8. **Барање за автентично толкување на одредби од законот за градежно земјиште.**

Оваа иницијатива произлегува од огромните проблеми при примената на Законот за градежното земјиште, што создава огромна разноликост во постапувањето на општините, а со тоа и воспоставување на различна пракса при постапувањето на надлежните органи во прв степен, одлуките кои ги носат надлежните органи во втор степен, одлуките на надлежните Судови итн.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа и ја утврди содржината за автентично толкување на одредбите на Законот за градежното земјиште, а со оглед на тоа дека ЗЕЛС нема својство на надлежен орган кој директено одлучува во управно – административни постапки, барањето до Собранието ќе биде доставено од страна на најмалку три општини како заедничко барање, а самото автентично толкување ќе се однесува на сите општини. Управниот одбор ги избра општините Радовиш, Крива Паланка и Ѓорче Петров, и тие треба да го поднесат барањето до Собрание.

9. **Иницијатива за третман на бесправно изградените објекти**

   Општина Центар до ЗЕЛС достави иницијатива за измена на неколку прописи со кои ќе се овозможи третман на бесправно изградените објекти кои не се предмет на легализација а за кои против несовесните градители е поведена и кривична постапка која завршила со конфискација на бесправниот објект, кој би требало да се запише со сопственички права во корист на Републиката, а потоа со посебен акт да се пренесе со право на користење врз општините.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја подржува иницијатива на општина Центар за третман на бесправно изградените објекти преку постапка на конфискација на истите, при што за оваа иницијатива ќе побара и мислење од сите општини во Републиката за евентуално со свои предлози да го подобрат или дополнат текстот на иницијативата.

Валандово, 4 април, 2023 г.

Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,
Претседател,
Орце Ѓорѓиевски